1830
Službeni vjesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 1 август 1980

БЕЛГРАД

БРОЈ 43 ГОД. XXXVI

Цена на овој број е 18 динари. — Претплатата за 1980 година изнесува 800 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

700.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 и член 236 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со чл. 25 и 72 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 31 јули 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ИЗНОС НА ДЕВИЗИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1980 ГОДИНА

1. За потребите на федерацијата за 1980 година се утврдува вкупен износ на девизи во динарска противвредност од 25,871,118,000 динари.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се распоредуваат:

1. за потребите на материјалните резерви во федерацијата	3.177,174.000
2. за потребите на органите на федерацијата и за потребите на остварувањето на правата и должностите на федерацијата	21.723,702.000
3. за потребите на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини	868,140.000
4. за потребите на Фондот на солидарноста со неврзаните земји и земјите во развој	102,102.000

3. Средствата утврдени во точка 2 под 1, 3 и 4 на оваа одлука ќе се користат врз основа на решенија на Сојузниот извршен совет.

Сојузниот извршен совет ќе им ги намали девизните права на одделни корисници на девизите од точка 2 на оваа одлука за износот што одговара на разликата од динарската противвредност на искористените девизи по пониСкиот курс што важеше до 6 јуни 1980 година.

4. Ако не се оствари предвиденот обем на извозот на стоки и услуги и очекуваните девизни ефекти според тој основ во 1980 година, средствата според оваа одлука можат да се користат сразмерно на остварувањето на планираниот девизен прилив од извозот на стоки и услуги.

5. Обемот на девизите и на правото на купување на девизи за потребите на органите на федерацијата и за остварување на правата и должностите на федерацијата, утврден во точка 2 под 2 на оваа одлука, Сојузниот извршен совет го распоредува на одделни сојузни органи и организации што вршат работи од интерес за остварување на функциите на федерацијата.

6. Односот помеѓу конвертибилните девизи и клиринШките девизи го утврдува Сојузниот извршен совет со тоа што во вкупно утврденот износ од точка 1 на оваа одлука износот на конвертибилните девизи не може да биде поголем од 80%.

7. Со девизите од точка 1 на оваа одлука можат да се вршат плаќања до 31 декември 1980 година, со исклучок на плаќањата во дипломатско-конзуларните претставништва, каде што плаќања можат да се вршат до 31 јануари 1981 година.

8. Оваа одлука се применува од 1 јануари 1980 година.

9. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

А. С. бр. 210
31 јули 1980 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
Зоран Полич, с. р.

701.

Врз основа на член 12 став 1 од Законот за сојузните совети („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/74), Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 17 јули 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА УСТАВНИОТ ПОРЕДОК

За секретар на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок се именува Илија Јововиќ, раководител на Службата за прашања на државната безбедност на Претседателството на СФРЈ.

Бр. 0-27
18 јули 1980 година
Белград

Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател,
Цвиетин Мијатовиќ, с. р.

702.

Врз основа на член 12 став 1 од Законот за сојузните совети („Службен лист на СФРЈ" бр. 66/74), Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 17 јули 1980 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА УСТАВНИОТ ПОРЕДОК

Се разрешува од должности секретар на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок Ѓурѓиќ Милисав, поради заминување на нова должност.

Бр. 0-26
18 јули 1980 година
Белград

Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател,
Цвиетин Мијатовиќ, с. р.

703.

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службени лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 191 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИ ЦЕНИ ЗА ПРОИЗВОДИТЕ НА ЦРНАТА МЕТАЛУРГИЈА

1. Производителските организации на здружен труд можат, за производите на црната металургија од точка 2 на Одлуката за формирање на цените на производите на црната металургија („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/77), да ги зголемат цените кои постоселе на 6 јуни 1980 година, до 20%.

2. Покрај зголемувањето на цените од точка 1 на оваа одлука и намалу ќе се применуваат механизмите за формирање на цените од самоуправните спогодби склучени помеѓу производителите и купувачите-потрошувачи, ако со примената на тие механизми се овозможува зголемување на цените над 20% од цените што постоселе на 6 јуни 1980 година.

3. Одредбите на Одлуката за определување на највисоко ниво на цените на сите производи и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/80), не се применуваат на цените што се формираат со оваа одлука.

Во прометот на производите на црната металургија од точка 1 на оваа одлука цените се формираат со засметување на апсолутниот износ на учеството за покритие на трошоците на прометот кој постоел на 3 август 1979 годинна.

4. Оваа одлука се применува од 6 јуни 1980 година.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 342
25 јули 1980 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Бранислав Икониќ, с. р.

704.

Врз основа на член 132 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ТРОШОЦИТЕ НА РАБОТЕЊЕТО ШТО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ЗА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ СТОКОВЕН И ПАТНИЧКИ ПРОМЕТ МОЖАТ ДА ГИ ПЛАЌААТ ВО СТРАНСТВО

1. Во Одлуката за трошоците на работењето што организациите на здружениот труд за давање услуги во меѓународниот стоковен и патнички промет можат да ги плаќаат во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/77 и 67/79) во точка 1 зад став 2 се додаваат 3 нови става кои гласат:

„Организациите на здружен труд кои при извозот и увозот на стоки користат услуги на странските железници, во смисла на член 125 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, се должни за овие услуги, платени на железничката транспортна организација во денари, во рок од 30 дена од почетокот на реализацијата на работата на извозот односно увозот, да ѝ издадат на банката налог за намалување на својот девизен прилив, односно стечените девизни права за износот на странските услуги пресметани во меѓународните товарни листови.

Девизните средства по основ на намалувањето на девизниот прилив, односно стечените девизни права, самоуправните интересни заедници за економски односи со странство на републиките и покраините ќе ѝ ги стават на користење на железничката транспортна организација преку која се врши плаќањето на услугите на странската железничка управа за сметка на домашната организација на здружен труд — корисник на услугата.

Самоуправните интересни заедници за економски односи со странство на републиките и покраините, со плановите на нестоковниот девизен одлив обезбедуваат девизни средства за плаќање на обврските по основ на продадените меѓународни железнички карти во Југославија за превоз на граѓани и граѓански правни лица на странските железнички релации во одење и во враќање.".

2. Оваа одлука се применува од 1 јули 1980 година.

3. Упатство за применување на оваа одлука дава Сојузниот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 343
10 јули 1980 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Гојко Убипарип, с. р.

705.

Врз основа на член 11 од Законот за воведување на единствен матичен број на граѓаните („Службен лист на СФРЈ" бр. 58/76), сојузниот секретар за внатрешни работи пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ЕДИНСТВЕН МАТИЧЕН БРОЈ НА СТРАНЦИТЕ

I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на определувањето на единствен матичен број на странците (во натамошниот текст: матичен број), начинот на водењето евиденција за матичните броеви што им се дадени на странците, како и запишувањето на издадените матични броеви во евиденциите и јавните исправи.

Член 2

Матичен број им се дава на странци за кои, врз основа на закон, се водат евиденции и се издаваат јавни исправи, и тоа на:

1) странци постојано населени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) странци на кои во Социјалистичка Федеративна Република Југославија им е признато правото на азил;

3) странци на кои во Социјалистичка Федеративна Република Југославија им е признат статусот на бегалец;

4) странци кои во Социјалистичка Федеративна Република Југославија имаат статус на лице без државјанство.

Матичен број им се дава и на децата на кои обата родители се странски државјани кои припаѓаат кон една од категориите наведени во точ. 1 до 3 на став 1 од овој член, ако се родени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

II. Постапка за определување на матичниот број

Член 3

Матичниот број го определува органот во републиката, односно автономната покраина на чие подрачје е живеалиштето, односно престојувалиштето на странецот или местото на раѓањето на детето на кое обата родители се странски државјани.

Член 4

Матичниот број се определува по барање на органот кој, врз основа на сојузен закон, за определен странец води евиденција и врз основа на таа евиденција издава јавни исправи.

Барање за доделување матичен број се поднесува во рок од 30 дена од денот на запишувањето на странецот во евиденцијата, односно во рокот пропишан за издавање на јавна исправа и ги содржи следните податоци: презиме и име на странецот; име на еден од родителите; пол; ден, месец и година на раѓањето; место и држава на раѓањето и државјанство.

Во барањето за доделување матичен број на дете на странски државјани кои живеаат некој од статусите предвидени во член 2 став 1 точ. 1 до 3 на овој правилник што е родено во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, се наведува и презимето и името на обата родители и нивните матични броеви, ако им се дадени.

III. Стрктура и начин на утврдување на матичниот број

Член 5

Матичниот број се состои од 13 цифри распоредени во шест групи и по структура е ист како и единствениот матичен број на граѓаните.

Бројот на регистрите (IV група) што се состојат од две цифри се определува на следниот начин, и тоа:

1) Во Социјалистичка Република Босна и Херцеговина — број 01;

2) во Социјалистичка Република Црна Гора — број 02;

3) во Социјалистичка Република Хрватска — број 03;

4) во Социјалистичка Република Македонија — број 04;

5) во Социјалистичка Република Словенија — број 05;

6) во Социјалистичка Република Србија — број 06;

7) во Социјалистичка Автономна Покраина Војводина — број 07;

8) во Социјалистичка Автономна Покраина Косово — број 08.

Член 6

Матичниот број се определува врз основа на податоците содржани во одлуката на надлежниот орган со која на странецот му е признат некој од статусите наведени во член 2 на овој правилник и бројот на регистарот на републиката, односно автономната покраина.

Контролниот број се определува со електронски сметач според Упатството за начинот на определувањето на контролниот број на единствениот матичен број на граѓаните според модулот 11 („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/77).

Сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи, по барање од органот надлежен за определување на матичниот број, ќе му достави еден примерок од одлуката со која на странецот му се признава некој од статусите од член 2 на овој правилник.

Член 7

Матичниот број на детето на кое обата родители се странски државјани се определува врз основа на податоците содржани во јавната исправа во која е запишан фактот на раѓањето.

IV. Водење евиденција за издадените матични броеви

Член 8

Евиденцијата за издадените матични броеви ги содржи следните податоци: име и презиме на странецот, име на едниот од родителите, место и држава на раѓањето, државјанство и матичен број.

V. Преодни и завршни одредби

Член 9

На странецот на кого пред денот на влегувањето во сила на овој правилник му е признат некој од статусите од член 2 на овој правилник надлежниот орган ќе му даде матичен број по барање на органот во републиката, односно автономната покраина на чие подрачје странецот има живсалиште или престојувалиште.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. Бр. 26-1-10/19
26 јуни 1980 година
Белград

Сојузен секретар,
Фрањо Херљевиќ, с. р.

706.

Врз основа на член 59 став 1 во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „KÄRNTNER NACHRICHTEN"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Kärntner Nachrichten" бр. 24 од 5 јуни 1980 година, што излегува на германски јазик во Клагенфурт, Австрија.

Бр. 650-1-2/488
16 јули 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

707.

Врз основа на член 59 став 1 во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „KÄRNTNER NACHRICHTEN"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Kärntner Nachrichten" број 25 од 12 јуни 1980 година, што излегува на германски јазик во Клагенфурт, Австрија.

Бр. 650-1-2/489
17 јули 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

708.

Врз основа на член 59 став 1 во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „NEUE KRONEN ZEITUNG"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Neue Kronen Zeitung", бр. 7227 од 10 јули 1980 година, што излегува на германски јазик во Виена, Австрија.

Бр. 650-1-2/487
21 јули 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

709.

Врз основа на член 59 став 1 во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „DER SPIEGEL"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на списанието „Der Spiegel" бр. 28 од 7 јули 1980 година, што излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/894
21 јули 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

710.

Врз основа на член 334 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 20/79), претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски, во спогодба со директорот на Сојузниот завод за стандардизација, пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ХОМОЛОГАЦИЈАТА НА ВОЗДУХОПЛОВ, МОТОР, ЕЛИСА, ПАДОБРАН И ОПРЕМА НА ВОЗДУХОПЛОВ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат постапките за хомологација на нов тип воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, како и условите за издавање на хомологационен лист.

Падобранот за кочење на воздухоплов, во смисла на овој правилник, се смета како опрема на воздухоплов.

Член 2

Воен воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов што се проектирани, произведени, односно испитани според тактичко-техничките барања на Сојузниот секретаријат за народна одбрана, кои ќе се користат за намените од член 86 на Законот за воздушната пловидба (во натамошниот текст: Законот), ако за тие намени не се хомологирани, мораат да бидат подложени на постапката за хомологација во согласност со одредбите на овој правилник.

Член 3

Во постапката за хомологација се утврдуваат: видот, категоријата и намената на воздухопловот; видот на моторот, елисата и опремата на воздухопловот; категоријата на падобранот; техничките карактеристики во сите случаи на летот, односно на работата и се определуваат условите и постапките за користење и одржување, како и посебните ограничувања за употреба.

Член 4

Воен воздухоплов што се хомологира за намените од член 2 на овој правилник, ако не ги исполнува сите услови за распоредување во определени категории на воздухоплови од член 85 став 1 на Законот, се хомологира во соодветна категорија на воздухоплови со ограничување.

Член 5

Југословенскиот регистар на воздухопловите, на предлог од подносителот на барањето за хомологација, го одобрува упатството за начинот на користење со листата на минимална опрема (MEL) и упатството за одржување на воздухопловот, моторот, елисата, падобранот и опремата на воздухопловот.

Член 6

На постапката за хомологација подлежи воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов:

1) кои се произведени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) кои се проектирани и изградени во странство, под услов да не се хомологирани и дека ќе се користат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 7

За воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов што се проектирани и изградени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, кон барањето за издавање на хомологационен лист, се поднесува документација врз основа на која може да се утврди дали новиот тип на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов ги задоволуваат техничките услови за пловидбеност на определена категорија, односно техничките услови за употреба, и тоа:

1) конструктивно-технолошка документација;

2) пресметки и извештаи за испитувањето;

3) упатство за одржување и упатство за користење со листа на минимална опрема (MEL);

4) одобрение од Југословенскиот регистар на воздухопловите за изградба на прототип;

5) потврда дека градбата ја контролирал овластен воздухопловно-технички контролор на градбата.

За хомологацијата на тип на воздухоплов, покрај документацијата од став 1 на овој член, мораат да бидат приложени:

1) уверение за хомологација на вградените мотори и елиса;

2) атести за вградената опрема и уреди;

3) листа на податоци за техничките карактеристики на воздухопловот.

Извештаите за испитувањето од став 1 на овој член ги содржат резултатите од испитувањата што се добиени на начинот и по постапката што се утврдени и објавени во согласност со член 340 од Законот.

Член 8

Конструктивно-технолошката документација од член 7 на овој правилник ја сочинуваат:

1) конструктивните и работилничките цртежи со димензиите на воздухопловот, моторот, елисата, нивните делови, падобранот и опремата на воздухопловот;

2) спецификацијата за видовите и димензиите на репродукционот материјал и документацијата за технолошките процеси на градбата, монтажата, функционалните испитувања и контролата.

Член 9

Пресметките од член 7 на овој правилник ги сочинуваат:

1) аеродинамичките пресметки, пресметките за стабилноста и управливоста на воздухопловот, односно падобранот;

2) пресметките за цврстина на аероеластичноста и заморот;

3) пресметките за определување положбата на центарот на тежиштето и тежината на воздухопловот.

За воздухоплови од сообраќајна категорија, покрај пресметките од став 1 на овој член, се прилага и табела, односно дијаграми на резултатите од пресметките и испитувањата.

Член 10

Извештаите од член 7 на овој правилник ги сочинуваат:

1) извештај за испитувањето на макетата во аеротунел;

2) извештај за испитувањето на цврстината и крутоста;

3) извештај за испитувањето на аероеластичноста за воздухоплови за кои Југословенскиот регистар на воздухоплови ќе установи дека тоа е неопходно;

4) извештај за испитувањето на воздухопловот во лет;

5) извештај за испитувањето на моторот и опремата на маса;

6) извештаі за испитувањето на јачината на буката за воздухоплови од сообраќајна категорија;

7) извештај за испитувањето на падобранот со кукла и во падобранските скокови.

Член 11

Странски хомологациоен лист се признава ако хомологацијата е извршена во согласност со техничките услови за пловидбеност, односно со техничките услови за употреба, кои не се поблаги од југословенските технички услови за пловидбеност, односно од техничките услови за употреба, како и со југословенските прописи за максимално дозволената бука.

Барање за признавање на странски хомологационен лист за воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов кои по првпат се увезуваат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија може да поднесе носителот на правото на располагање, односно сопственикот на воздухопловот, закупецот на воздухопловот или производителот на воздухопловот.

Кон барањето од став 2 на овој член мора да биде приложен странскиот хомологационен лист (Type Certificate) и листата на податоци што е составен дел на хомологациониот лист (Type Certificate Data Sheet), како и целата документација во врска со извршената постапка за хомологација.

Член 12

Хомологациониот лист се издава со неограничен рок на важење.

Член 13

Југословенскиот регистар на воздухопловите ќе го одземе хомологациониот лист ако постои сомнение дека воздухопловот, моторот, елисата, падобранот и опремата на воздухопловот ги исполнува техничките услови за пловидбеност, односно техничките услови за употреба, се додека не се утврди дека хомологираниот воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов им одговара на техничките услови за пловидбеност, односно на техничките услови за употреба.

Член 14

Хомологациониот лист содржи: грб на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и назив „Социјалистичка Федеративна Република Југославија", назив на органот на управата, односно организацијата или установата што го издала хомологациониот лист, законски основ за издавање на хомологациониот лист, ознака дали се работи за тип на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов проектирани и изградени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или во странство, број на хомологациониот лист, назив на органот, односно организацијата на чие барање се издава хомологациониот лист и седиште на тој орган, односно организација, изјава дека типот на воздухопловот, моторот, елисата, падобранот и опремата на воздухопловот од определена категорија и намена за кој се издава хомологациониот лист ги исполнува техничките услови за пловидбеност предвидени со Законот за воздушната пловидба и со прописите донесени врз основа на тој закон, одредба за листата на техничките податоци и ограничувања што претставува составен дел на хомологациониот лист, рок на важење на хомологациониот лист, како и печат и потпис на овластеното лице.

Образецот на хомологациониот лист е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Член 15

Ако врз хомологираниот тип на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов се изврши измена која битно менува некоја од карактеристиките утврдени во хомологациониот лист, се врши повторна постапка за хомологација.

Член 16

Ако врз хомологираниот тип на воздухоплов, мотор, алиса, падобран и опрема на воздухоплов се изврши измена која битно не влијае врз некоја од карактеристиките утврдени во хомологациониот лист, се врши дополнение на хомологациониот лист во делот во кој е извршена измената.

Кон барањето за дополнение на хомологациониот лист се поднесува целата техничка документација за извршените измени, односно извештај за извршените испитувања ако тоа го бара Југословенскиот регистар на воздухопловите.

Член 17

Имателот на хомологационен лист за југословенски тип на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов ги има следните права:

1) да врши сериско производство;

2) да добие дозвола за измена на воздухопловот, моторот, елисата, падобранот и опремата на воздухопловот;

3) да добие уверение за пловидбеноста на воздухопловот за извоз.

Имателот на хомологациониот лист од став 1 на овој член е должен да следи како се користи воздухопловот, моторот, елисата, падобранот и опремата на воздухопловот и да поднесе на одобрение до Југословенскиот регистар на воздухопловите предлог за соодветна задолжителна измена, ако тоа е потребно од причината за безбедна воздушна пловидба.

Член 18

Имателот на хомологационен лист за странски тип на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов има право да добие југословенско уверение за пловидбеност.

Носителот на правото на располагање, односно сопственикот на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, кон барањето за признавање на странскиот хомологационен лист е должен на Југословенскиот регистар на воздухопловите да му ја поднесе на одобрение воздухопловно-техничката наредба издадена од страна на земјата производител, како и ресурсните билтени со задолжителна примена што ги утврдил производителот на воздухопловот, моторот, елисата, падобранот и опремата на воздухопловот.

Член 19

Трошоците за хомологација ги поднесува подносителот на барањето за хомологација.

Член 20

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 184/151
23 мај 1980 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
Анте Зелиќ, с. р.

Образец на хомологационот лист

Грб

СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Југословенски регистар на воздухоплови

SOCIALIST FEDERAL REPUBLIC OF YUGOSLAVIA
Yugoslav Aircraft Registry

Врз основа на член 97 став —— од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 20/79) се издава

In accordance with the article 97., para —— of the Air Navigation Act ("Official Gazette of SFR of Yugoslavia", Nos. 23/78 and 20/79) is being issued

ХОМОЛОГАЦИОНЕН ЛИСТ

TYPE CERTIFICATE

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИ/СТРАНСКИ ТИП ——

FOR YUGOSLAV/FOREIGN TYPE OF

Број: ——
Number

Овој хомологационен лист се издава ——
This Type Certificate is issued to

од ——.
from

Овој тип ——
This type of

категорија —— и намена за ——
category and the purpose of which is

—— ги исполнува техничките услови за пловидбеност ——
meets technical requirements for Airworthiness

предвидени со Законот за воздушната пловидба и со прописите донесени врз основа на тој закон.
set forth in the Air Navigation Act and related regulations.

set forth in the Air Navigation Act andrelated regulations.

Листата на техничките податоци и ограничувања број —— содржи —— страници и претставува составен дел на овој хомологационен лист.

Type Certificate Date Sheet No. —— is a part hereof and consists of —— pages.

Овој хомологационен лист се издава на неограничен рок на важење.

This Type Certificate is being issued on an unlimited validity.

Датум: ——
Date:

Место: ——
Place:

По овластување на:
By authority:

Потпис: ——
Signature: ——
Title: ——

711.

Врз основа на член 30 ст. 1 и 5 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), во согласност со сојузниот секретар за внатрешни работи и со претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ ЗА ПОДВИЖНИ ГАСНИ ПЕЧКИ ЗА ГРЕЕЊЕ БЕЗ ПРИКЛУЧОК НА ОЏАК

I. Општа одредба

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат техничките нормативи за подвижни печки за греење без приклучок на оџак кои како гориво користат пропан, бутан и мешаница на пропан и бутан, што можат да бидат со пламен или со каталитичко согорување (во натамошниот текст: гасните печки), наменети само за повремено греење на одделни простории.

II. Дефиниции

Член 2

Долунаведените изрази, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења:

1) подвижна гасна печка за греење со каталитичко согорување е гасната печка, чии продукти на согорување не се одведуваат во оџак и во која се врши каталитичко согорување, а се состои од каталитичко пано, уред за стартување, уред за напојување и уред за управување, контрола и регулирање;

2) подвижна гасна печка за греење со пламен е гасната печка, чии продукти на согорување не се одведуваат во оџак и која работи со пламен, а се состои од еден или од повеќе горилници, уред за напојување и уред за управување, контрола или регулирање;

3) подвижна гасна печка за греење со зрачење е гасната печка, чии продукти на согорување не се одведуваат во оџак и која со зрачење предава најмалку 1/3 од вкупната сила на печката;

4) каталитичко пано е составот од каталитичката маса и нејзиното подножје — носач, каде што се врши каталитичко согорување;

5) уред за стартување е уредот наменет за загревање на каталитичката маса на температура на реакцијата;

6) уред за напојување е уредот што овозможува доведување на гас по палењето и завршното загревање;

7) одвоени делови се деловите што можат да се поставуваат и да се симнуваат рачно, без користење на алат;

8) демонтажни делови се деловите што можат да се поставуваат и да се симнуваат со помош на алат (одвиткувач или клуч);

9) делови за преддотерување се деловите со кои стручно лице го дотерува режимот на работата, како што се млазниците и подвижните делови за регулација на примарниот воздух, со помош на специјален алат;

10) делови за дотерување се деловите за дотерување на режимот на работата во употреба;

11) терморегулатор е уредот со кој автоматски се дотерува и се одржува претходно одбраната температура;

12) осигурувач на палењето е уредот кој самостојно го затвора доводот на гасот во пламеникот по гаснењето на пламенот;

13) уред за палење е уредот што служи за палење на еден или повеќе пламеници, грејачи, каталитичко пано, било непосредно, било со помош на пламеник за потпалување. Тој уред може да биде електричен или термички;

14) уред за управување е уредот што на корисникот на печката му овозможува менување на нејзината сила за време на користењето;

15) инјектор е уредот за довод на гас и воздух во горилникот;

16) отвор на инјекцијата е излезниот отвор на инјекторот;

17) уред за прекинување на доводот на гасот е уредот што доводот на гасот го прекинува штом температурата на каталитичката маса ќе се спушти на вредност што не обезбедува добро согорување;

18) уред за прекинување на колото на загревањето е уредот кој по периодот на загревањето спречува истовремено користење на колото за предгревање и на колото за нормална работа;

19) уред за контрола на квалитетот на воздухот е уредот кој во потполност го прекинува доводот на гасот, кога содржината на CO_2 во воздухот на греаниот простор ја достигнува пропишаната гранична вредност;

20) горната топлотна моќ (H_s) е експериментално определената количина на топлина настаната со потполно согорување на единицата на зафатнината или на единицата на масата на сувиот гас при константен притисок, кога продуктите на согорувањето ќе се доведат на почетните услови (0°C и 1,013 bar), а водата во продуктите на согорувањето настаната со согорување на водородот се наоѓа во течна состојба. Горната топлина моќ (H_s) се изразува во MJ/M^3 или MJ/Mkg;

21) долна топлотна моќ (H_i) е експериментално определената количина на топлина настаната со потполно согорување на единицата на зафатнината или на единицата на масата на сувиот гас при константен притисок, кога продуктите на согорувањето ќе се доведат на почетните услови (0° и 1,013 bar), а водата настаната со согорување на водородот во продуктите на согорувањето се наоѓа во парна состојба.

Долната топлотна моќ (H_i) се изразува во MJ/m^3 или MJ/kg;

22) употребна топлотна моќ е долната топлотна моќ на гасот во условите на местото на мерењето;

23) номинална топлотна сила на гасната печка е силата на печката, во kW, за референтен гас при номинален притисок, назначена во таблицата од член 80 на овој правилник;

24) топлотната сила на гасната печка е количината на топлината што се предава на грејниот простор во единица на време;

25) сила на зрачењето на гасната печка е количината на зрачената топлина во единица на време што печката со зрачење му ја предава на сувиот воздух во просторот;

26) степен на зрачењето на гасната печка е однос помеѓу силата на зрачењето и топлотната сила на печката;

27) потрошувачка на гас е количината на гасот доведена во печката во единица на време пресметана на нормална состојба;

28) номинална потрошувачка на гас е количината на гасот што печката ја троши при номинален притисок, пресметана на нормална состојба и назначена во таблицата од член 80 на овој правилник;

29) нормална состојба на гас е гасот со притисок од 1,013 bar и температура од 0°C;

30) статистички притисок е притисокот на гасот кој не струи, во kPa;

31) динамички притисок е притисокот на гасот на ѕидовите на цевката, низ која гасот струи, во kPa;

32) работен притисок е притисокот на гасот мерен на приклучокот на гасот кога печката работи, во kPa;

33) приклучен притисок е притисокот на гасот на приклучокот на печката, во kPa;

34) номинален притисок е притисокот за кој печката е конструирана во kPa;

35) релативна густина е односот на густината на гасот и густината на сувиот воздух при исти услови (0°C и 1,013 bar);

36) Вобсов број е однос помеѓу горната топлотна моќ на гасот и квадратниот корен од релативната густина

$$W_o = \frac{H_g}{\sqrt{d_r}}$$

37) степен на несогорување е односот помеѓу вкупната зафатнина на несогорените јаглеводороди, што се одвојуваат од печката во затната испитна комора и зафатнината на потрошениот испитен гас (при номинален притисок) во определен период време.

III. Конструкција и изработка

Член 3

Гасните печки мораат да бидат конструирани и изведени така што да не може да дојде до пожар, експлозија, труење или потешки изгореници ако со нив се ракува на начинот определен во техничкото упатство на производителот.

Член 4

Гасните печки не смеат да имаат номинална сила поголема од 5 kW.

Член 5

Квалитетот, димензиите и особините на материјалот што се употребува за изработка на гасни печки мораат да бидат такви што во текот на работата на гасните печка да не настануваат никакви промени на нивните конструкциони и функционални особини.

Сите делови на гасните печки мораат да издржуваат механички, хемиски и топлотни влијанија што настануваат при нивната работа.

При правилен начин на употреба, чистење и дотерување на смеат да се појавуваат промени што можат да предизвикаат неправилна работа на гасната печка.

Член 6

Лимените делови на гасните печки, а особено деловите што доаѓаат во допир со продуктите на согорувањето, ако не се изработени од материјал што не р'ѓосува, мораат да бидат емајлирани или превлечени со друга заштитна превлака која ефикасно ги штити од корозија.

Сите делови на гасната печка што лесно се валкаат при работата на гасната печка мораат да бидат пристапни за симнување и чистење без употреба на алат, навалување и превртување на гасната печка.

Член 7

Сите елементи на гасните печки мораат да бидат конституирани и монтирани така што при нормални услови на транспорт, складирање, користење и одржување, на нив да не можат да настанат трајни деформации или други оштетувања.

Сите демонтажни елементи на гасните печки мораат да бидат конструирани така што да не биде можно нивно погрешно монтирање.

Член 8

Гасните печки мораат да бидат конструирани и изведени така што во текот на нивната употреба, при работната температура, да не дојде до следните појави:

1) оштетување (делови, споеви, мембрани, облоги, мазива за славини) поради дејствие на јагленоводород и загревање;

2) корозивно дејство на продуктите на согорувањето;

3) течење на горив гас;

4) блокирање на подвижни делови;

5) деформација или оштетувања на славините, помошните горилници, вентилите на инјекторите и на сигурносните и други уреди.

Член 9

Приклучокот за напојување на гасните печки и уредите што го осигуруваат протекот на гасот, освен мембраните и споевите, мораат да бидат изработени од материјали што не смекнуваат, не се топат или на друг начин не ја менуваат особината на температурите до 500 °C.

Деловите го кои се проверува гасот не смеат да бидат споени со меко лемење.

Член 10

Просторот за шишето со гас мора да ги исполнува следните услови:

1) мора да има такви димензии што шишето со гас (во натамошниот текст: шишето) да може лесно да се внесува во вертикална положба;

2) мора да има ефикасна вентилација преку отворот за вентилација на својот горен и долен дел;

3) мора да има подножје за шишето со доволна механичка отпорност да не се деформира под товарот на полното шише;

4) не смее да има издигнат праг во однос на подножјето на шишето, и мора да биде конструиран така што шишето да може да се внесува и изнесува од гасната печка, а притоа да не мора да се подига за повеќе од 150 mm во однос на почвата;

5) мора да биде така решен што вентилот на шишето да биде пристапен и со него да може лесно да се ракува кога шишето се наоѓа во гасната печка.

Член 11

Во гасната печка не смее да постои никаква врска помеѓу просторот за сместување на шишето и разните делови на печката, а особено не на оние делови на кои се инсталирани сигурносните уреди и уредите за контрола не квалитетот на воздухот.

Вентилационите отвори на просторот за сместување на шишето не смеат да се затворат кога гасната печка се наоѓа до некоја преграда, ниту смеат да бидат на патот на согорените гасови.

Замената на шишето мора да биде едноставна. Ако големината на просторот за шишето не допушта симнување на регулаторот на притисокот во тој простор, еластичниот приклучок мора да биде толку долг што шишето да може да се извлече од своето лежиште во гасната печка.

Член 12

Гасната печка, по својата конструкција, мора да издржи удир или туркање според условите на испитувањето пропишани во член 59 на овој правилник, а притоа да не се преврти.

Член 13

Опремата на гасната печка (уреди за регулација, сигурност и др.) мора да биде така вградена што топлината што настанува при работата на печката да не влијае врз нејзината работа и векот на траењето.

На деловите што спроведуваат гас не смеат да се прават дупки за елементи за прицврстување (винтови, чивии и др.).

Каналите, помошните отвори или дупките мораат да се затинаат со капаци со допир на метални површини што налегнуваат, кои мораат да бидат неодвоиви или на некој друг начин беспрекорно осигурани.

Сите водови за напојување од приклучокот на цревото натаму мораат да бидат метални, пристапни, едноставни за монтажа и демонтажа, со цврсто завртени споеви.

Деловите за дотерување мораат така да се поврзат за цевките за развод на гасот што да претставуваат трајно затнат систем од кој не може да дојде до истекување на гасот. За затинување е дозволена употреба на метални и неметални средства, со тоа што мораат да бидат подобни за затинање, издржливи и отпорни на топлина, механички и хемиски влијанија што можат да настапат во нормални услови на работа.

Член 14

Горилниците мораат да бидат вградени така што нивниот пламен да може да се набљудува. Сите горилници мораат да имаат несветлечки пламен. Ако на горилникот е предвидена решетка за зрачење, таа мора да биде прицврстена и осигурана против смолкнување.

Член 15

Каталитичката маса мора да има такви својства што да обезбеди согорување на гасот за кој гасната печка е конструирана, за сите работни протеци според условите предвидени во чл. 70 до 71 и 80 од овој правилник.

Член 16

Млазниците, како делови за преддотерување, се бираат според видот на гасот и големината на притисокот, и се прицврстуваат на носачите така што да можат да се менуваат само со употреба на специјален алат.

Млазницата мора да биде така изведена што секогаш да обезбедува затнатост со допир на металните површини што налегнуваат, а нејзиното затинање со винт или со помош на неметални прстенја не е дозволено.

Сите делови за преддотерување производителот мора да ги дотера за видот на гасот кој на гасната печка е наведен.

Гасната печка мора да биде конструирана така што корисникот да не биде во можност да го именува првобитното преддотерување (воздух, протек на гасот).

Член 17

Уредот за затворање на доводот на гасот (вентил или регулатор на притисокот) мора да биде така поставен што да не ја попречува правилната употреба.

Уредот мора да биде издржлив и подвижен при ракувањето, како и заштитен од валкање на внатрешните делови.

Деловите на уредот на затворање мораат да ги издржат напрегањата што се јавуваат во трајната работа под нормални услови.

Рачките на уредот за затворање не смеат да се загреат над температурата пропишана во член 28 од овој правилник.

Вентилот на шишето или регулаторот на притисокот се наменети само за отворање и затворање на доводот на гасот, а не смеат да се користат за дотерување на силата.

Член 18

Положбата на деловите за дотерување на гасната печка мора да биде означена со симболи на

виден, едноставен и траен начин, на подвижниот и неподвижниот дел, така што недвосмислено да ги означува условите на напојувањето на гасната печка.

Значењето на симболите од став 1 на овој член мора да биде наведено во техничкото упатство на производителот.

Ако рачките на деловите за дотерување на гасната печка се вртат, наоската на свртувањето од положбата „затворено" до положбата „минимум", а преку положбата „максимум" (номинална сила) мора да биде спротивен на насоката на стреличките од часовникот.

Член 19

На гасната печка приклучокот за довод на гас мора да биде цврсто поставен, така што при употребата да не може да ја менува својата положба и да мора да биде изведен според одредбите на прописите за југословенскиот стандард за гасни апарати во домаќинството JUS M.R4.610.

Врската помеѓу приклучокот на гасната печка и регулаторот на притисокот мора да биде под низок притисок и изведена со гумено црево со соодветна должина без колено според одредбите на прописите за југословенскиот стандард за црева за пропан-бутан JUS G.C6.031.

IV. Сигурносни уреди

Член 20

Гасната печка мора да биде опремена со сигурносни уреди, и тоа:

1) со уред за прекинување на доводот на гасот (гасни печки со каталитичко согорување), што го прекинува доводот на гасот кога пламенот е згаснат или ако каталитичка маса не се наоѓа на температурата која овозможува добра каталитичка оксидација;

2) со уред за прекинување на колото на загревањето што спречува истовремено користење на колото за предгрејување и на колото за нормална работа (на гасните печки со каталитичко согорување) по периодот на загревањето;

3) со уред за контрола на квалитетот на воздухот, кој го прекинува доводот на гасот и потполно ја гаси гасната печка кога содржината на CO_2 во воздухот на грејниот простор ќе ја достигне вредноста: CO_2 vol. = (0,8 ± 0,2)%.

Уредот за контрола на квалитетот на воздухот мора да биде изработен и поставен така што корисникот на гасната печка да не може да го дотерува.

Член 21

Гасните печки мораат да бидат снабдени со уред за палење кој мора да биде поставен така што процесот на палењето да може да се посматра.

Ако гасната печка има пламеник за потпалување, тој мора да биде пристапен и мора лесно да се пали со кибрит со нормална должина (45 mm).

Ако пламенот за потпалување не е врзан со осигурувачот на палењето, тој мора да биде добро видлив. Пламенот за потпалување не смее да биде светол, мора да обезбеди потполно согорување и брзо и безопасно потпалување на гасната печка при употреба на испитните гасови со соодветни испитни притисоци.

V. Карактеристики на гасните печки

Член 22

Номиналниот притисок при максималниот протек на гасот мора да изнесува 30 mbar.

Член 23

Номиналната сила на гасната печка определена според член 4 на овој правилник може да отстапува ± 10% од декларираната, при номиналниот притисок на гасот.

Ако гасната печка има пламеник за потпалување и одржување, неговата сила се засметува во номиналната сила.

Член 24

Ако гасната печка има уред за намалување на силата со една или повеќе положби, било да се исклучува од работа еден или повеќе елементи на паното или да се намалува притисокот на гасот пред инјекторот, условите од чл. 33 до 38 на овој правилник мора да бидат исполнети за секоја предвидена положба, при што преминувањето од една сила на други не смее да предизвикува никакво неправилно согорување или други штетни дејствија во гасната печка (на пр. палење во инјекторот и др.).

За гасните печки кај кои силата на главниот горилник се намалува со помош на елементите за дотерување, силата не смее да биде помала од една третина од номиналната сила.

Член 25

Деловите за развод на гас мораат да бидат така затнати, што по извршената проба на преоптоварување при затворени делови за дотерување, да нема течење на гасот поголемо од 0,07 l/h, односно опаѓањето на притисокот да не биде поголемо од 0,5 mbar во време од една минута, при испитниот притисок од 150 mbar.

Член 26

За затиначките материјали што се изложени на температура под 100°C и под условите на испитувањето определени со овој правилник (чл. 61 до 64), зголемувањето на почетната маса при второто мерење не смее да премине 5%, а намалувањето 5% при третото мерење во однос на првото мерење.

Пропусноста на материјалот за затинање пред забрзаното стареење мора да биде нула.

Тврдоста на материјалот за затинање пред и по забрзаното стареење не смее да варира повеќе од 5 единици според Шоре А.

Член 27

Моментот на сила од 15 Nm не смее да предизвика почеток на одвртување на споевите на водовите за напојување.

Член 28

Во условите на испитувањето на температурата телата на арматурата не смеат да преминуваат 125°C, при собна температура (20°C).

Температурите на надворешните површини на деловите за ракување, мерени во зоната на фаќањето, не смеат да ги пречекорат следните вредности над температурата на околината и тоа:

35°C — за метални или соодветни материјали;
45°C — за порцулан или соодветни материјали;
60°C — за пластика или соодветни материјали.

Член 29

Температурата на подот под печката во условите на испитувањето не смее во ниедна точка да ја премине температурата на околината за повеќе од 60°C.

Температурата на бочните страни на гасната печка не смее да биде поголема од температурата на околината за повеќе од 80°C.

Член 30

Приклучокот за довод на гас мора да биде сместен така што гуменото црево да не ја допира задната страна на каталитичкото пано и во услови на испитувањето неговата температура да не ја преминува температурата на околината за повеќе од 30°C.

Член 31

Во условите на испитувањето температурата на сите места на гасната печка што би можеле да бидат во допир со приклучното гумено црево, не смее да ја премине температурата на околината за повеќе од 30°C.

Член 32

Сместувањето на шишето за гас мора да биде такво што под условите на испитувањето шишето да не се загрее над 40°C, односно така што да не се пречекопречекорат вредностите на порастот на парниот притисок (Δp) во внатрешноста на шишето сместено во печката, дадени во табелата бр. 1.

Табела бр. 1

Температура на околината (°C)	Дозволено покачување*) на притисокот, Δp, најмногу (bar)
10	0,35
15	0,40
20	0,45
25	0,50
30	0,55
35	0,60
40	0,65

Мерењето се врши во следните временски интервали:

а) по 1 h работа на печката;

б) во време од 30 min по потполно гаснење на печката.

Член 33

Квалитетот на согорувањето на гасот во испитните услови мора да биде таков што содржината на CO во воздухот да не биде поголема од 0,008% vol, кога содржината на CO_2 ќе ја достигне вредноста од 2,4% vol.

Член 34

При испитните услови степенот на несогорувањето не смее да ги премине следните вредности:

1) 0,04 — во режимот на нормална работа (номинална сила) кога содржината на CO_2 е 1% vol;

2) 0,08 — во периодот на паленето и тоа 15 минути по паленето.

Покрај тоа количината на гасот што доаѓа во гасната печка во текот на 15 минути на испитувањето не смее да ја пречекори за повеќе од 25% количината на гасот што би ја полнела гасната печка за исто време при номинален протек.

Член 35

Кога гасната печка работи со најмал протек на гасот што може да се оствари со деловите за дотерување и кога каталитичкото пано е изложено на промаја од 2 m/s. во услови на испитувањето, температурата на паното не смее да биде помала од онаа што е неопходна за добро согорување, освен ако со уредот на сигурноста потполно е прекинат доводот на гасот.

Член 36

Уредот за контрола на квалитетот на воздухот мора да биде конструиран така што во испитните услови да го прекинува доводот на гасот и потполно да ја згасне печката кога содржината на CO_2 ќе ја достигне вредноста пропишана во член 20 став 1 точка 3 на овој правилник.

*) Ова покачување на притисокот одговара на зголемувањето на температурата за 5°C, сметајќи од установената температура на околината.

Условот од став 1 на овој член мора да биде исполнет со испитното гориво при номинален притисок. Задоцнувањето на уредот од став 1 при отворање и затворање не смее да изнесува повеќе од 1 min.

Член 37

Уредот за прекинување на доводот на гасот од член 20 став 1 на овој правилник мора да биде конструиран така што земајќи ја предвид инертноста на системот, да го прекине доводот на гасот во каталитичкото пано кога температурата на каталитичката маса не е доволна за нормална работа на гасната печка. Уредот за затворање мора потполно да го затина минувањето на гасот.

Член 38

Уредот за стартување мора да ја загрее каталитичката маса на температурата на реакцијта во секоја точка на нејзината површина така што со испитниот гас да се постигнува пропишаното согорување.

Уредот за прекинување на колото на загревањето мора да го отстрани секое прегрејување што би можело да ја оштети каталитичката маса.

Член 39

Сигурносните уреди мораат во нормална атмосфера да го одржуваат текот на испитниот гас при минимален и максимален притисок се до температурата на околината од 5°C.

Член 40

Гасните печки опремени со електрични делови мораат, покрај барањата предвидени со овој правилник, да ги исполнуваат и барањата за безбедност определени со одредбите на прописите за југословенскиот стандард JUS N.M1.001 — Електрични апарати за домаќинство.

VI. Употреба на гасни печки

Член 41

Гасните печки смеат да се употребуваат само во просторијата во која е обезбедено ефикасно проветрување со користење на два вентилациони отвори од по најмалку 50 cm² што се поставени еден над подот, а другиот под таванот. Тие отвори за времето на работата на гасната печка не смеат да бидат затворени.

Подот на просторијата мора да биде издигнат во однос на хоризонталата на надворешниот терен, а гасната печка не смее да биде сместена во длабочините, односно местата што се под хоризонталата на подот на просторијата.

Гасните печки не смеат да се користат за загревање на простории со зафатнина помала од 15 m³, во визбите, бањите и во спалните соби.

Вентилационите отвори не смеат да се наоѓаат на граничниот ѕид на две соседни простории.

Во техничкото упатство на производителот мораат да се наведат барањата од ст. 1 до 3 на овој член.

VII. Испитување на гасни печки

Член 42

Се испитува секој тип на гасна печка, односно гасна печка за секоја номинална сила посебно.

При испитувањето на типот на гасна печка се испитуваат сите делови на печката.

Ако испитувањето на типот на гасната печка не го врши производителот, заради испитување, кон секој тип гасна печка се прилагаат:

1) цртежи на гасната печка што даваат јасна слика на конструкцијата на гасната печка и на сите нејзини делови;

2) цртежи на пресекот на сите делови што се важни за работата на гасната печка, во сразмера 1 : 1, што мораат да ги содржат оние мерки што се потребни за испитување на гасната печка;

3) техничко упатство на производителот;

4) фотографии на гасната печка, со формат 130 mm × 180 mm;

5) проспект на гасната печка и

6) подробен опис на гасната печка.

Член 43

Кога гасната печка како тип веќе е испитана и кога на неа се вградени додатни уреди, се вршат само дополнителни испитувања заради утврдување на влијанието на додатните уреди врз функционирањето на гасната печка. Притоа не се испитуваат оние делови врз чие функционирање додатните уреди немаат влијание.

Член 44

Електричниот дел на гасните печки се испитува според одредбите на прописите за југословенскиот стандард за електрични апарати за домаќинство JUS N.M1.001.

Член 45

За типско испитување на гасна печка се користи испитна комора со следните димензии и тоа со:

1) должина 3,5 m

2) широчина 2,0 m

3) височина 2,5 m

4) зафатнина 17,5 m³.

ЗАТНАТА ИСПИТНА КОМОРА 17,5 m³



ЦРТЕЖ БР. 1

Член 46

Испитната комора мора да биде конструирана така што да обезбедува затнатост, што се дефинира со намалување на содржината на CO_2. Во комората се воспоставува рамномерна концентрација на CO_2 = 4% (± 0,2%) со помош на пуштање на CO_2 од шишето. По два часа концентрацијата не смее да се намали за повеќе од 0,1%.

Конструкцијата на испитната комора мора да овозможува, пламенот на горилникот или каталитичкото пано да може во секој момент да се набљудува за време на работата на гасната печка.

Земањето на извадоци на гасови за мерење на CO_2 и CO мора да биде овозможено во геометрискиот центар на испитната комора, како и на височината на уредот за контрола на квалитетот на воздухот. По анализата земените извадоци на гас мораат да имаат можност на враќање во испитната комора.

Температурата во испитната комора мораат да се наоѓаат во границите од 20 до 35°C при испитување на дејството на уредот за запирање на работата според член 73 како и при испитувањето на согорувањето (содржината на CO, односно CO_2) според член 71 на овој правилник.

Со конструкцијата на испитната комора мора да се оствари добра уедначеност на атмосферата при сите содржини на CO_2 што можат да настанат.

Шишето за гас со регулатор на притисокот на шишето, од кое се напојува испитуваната гасна печка, мора да биде сместена вон од испитната комора.

Принципската шема на испитната комора на гасните печки е прикажана на цртежите бр. 1 и 2.

ЗАТНАТА ИСПИТНА КОМОРА 17,5 m³ - ПРЕСЕК



ЦРТЕЖ БР. 2

Член 47

Непропустливоста на разводот на гасот во гасната печка се испитува со уред чија принципска шема е дадена на цртежот бр. 3.



ЦРТЕЖ БР. 3

Основен дел на уредот е „U" цевката (А) со помош на која се определува опаѓањето на притисок поради течење на гасот, односно количината на истечениот гас со мерење на количината на прелиената течност во садот В.

Во садот С се одржува константно ниво на течноста, при што височината на нивото во садот С е определена со растојанието L, што одговара на височината на воденото столб на испитниот притисок.

Испитувањето на непропустливоста на разводот на гасот се врши во две фази, и тоа:

во првата фаза, кога печката е ладна, се мери пропуштањето на разводот на гасот со помош на компримиран воздух чиишто испитен притисок е 150 mbar за гасните печки со работен притисок од 30 mbar.

По мерењето во првата фаза гасната печка се пушта во работа и откако се достигне температура на постојаниот режим се вршат десет промени на протекот на гасот помеѓу крајните положби. Тој циклус се повторува пет пати.

По завршената работа и гаснењето на гасната печка повторно се мери непропустливоста на разводот на гасот (втора фаза на мерењето), под истите услови како во првата фаза на мерењето.

Член 48

Пропустливоста на материјалите за затинање се мери со уредот за контрола на затиначот во кој извадокот на затиначот може да се компримира и изложи на вештачко стареење.

Уредот е од лесен метал во кој се става испитниот прстен со пречник од 8/19 mm, а компримирањето се остварува со притегање на винтот M 12 × 1.

Принципската шема на апаратот е дадена на цртежот бр. 4.



ЦРТЕЖ БР. 4

Член 49

Температурата на воздухот и на деловите на гасната печка се мери со калибрирани инструменти, и тоа:

1) со термопарови, со точност на определувањето на температурата ± 0,2°C и отчитување ± 0,1°C, или

2) со електроотпорни термометри, со точност на определување на температурата ±0,2°C и отчитување ±0,1°C, или

3) Hg-термометри, со точност ±0,2°C и отчитување ± 0,1°C.

Член 50

Мерење на содржината на продуктите на согорувањето се врши:

1) со анализатор CO_2, со точност на определување на содржината од 0,05% на CO_2, или

2) со анализатор на O_2, со точност на определувањето на содржината од 0,1% на O_2, или

3) со анализатор на CO, со точност на определувањето на содржината од 0,0005% на CO, или

4) со анализатор на јагленоводорот (C_nH_n), со точност од 0,001%.

Член 51

Мерењето на притисокот се врши:

1) со метален манометар, со точност на мерењето од ± 0,1 bar, или

2) со мерач на притисок наполнет со вода според цртежот бр. 3 и со поделба на скалата од 1 Pa.

Член 52

Мерење на масата се врши:

1) со прецизна вага, со точност на мерењето ±2 mg, за мерење на масата на затиначот;

2) со прецизна вага со точност од 1 g, за мерење на потрошувачката на гасот со мерење на масата на шишето.

Член 53

Мерењето на протокот на гасот се врши со мерач на протекот на гас со точност од 0,2%.

Член 54

Мерењето на електричниот напон се врши со галванометар за мерење на термонапон со опсег 0 — 3 mV, со поделба на скалата 0,2 mV и со можност на отчитување (со оцена) на 0,01 mV, или со соодветен инструмент.

Член 55

Мерењето на времето се врши со хронометар со поделба 1/5 s.

Член 56

Просторијата во која се врши испитувањето на гасната печка мора да биде добро вентилирана, а температурата на воздухот во просторијата (t_0) мора да изнесува 20 ± 2°C.

За испитување на палењето при ниски температури според член 75 на овој правилник највисоката температура во просторијата во која се врши испитувањето може да биде 5°C, при што притисокот на воздухот во просторијата е 1013 mbar.

Ако воздушниот притисок отстапува од нормалниот, во пресметките мораат да се извршат соодветни коректури.

Член 57

Гасните печки се испитуваат со гас со утврдените карактеристики, чии вредности се дадени во табелата бр. 2.

Табела бр. 2

Ознака	Име	Хемиска ознака	Вобеов број (Mj/m³)	Долна топлотна моќ (MJ/m³)	Релативна густина d.
G-30 (III група)	бутан	C_4H_{10}	85,1	122,6	2,081

Испитниот гас мора да има степен на чистота најмалку 95% со вкупна содржина на H_2, CO и O_2 помала од 1% и N_2CO_2 помал од 2%.

Составот на испитните гасови мора да ги исполнува барањата наведени во табелата бр. 2, а се дозволува отстапување од Вобеовиот број за ± 2% од пропишаниот. Тоа отстапување ги вклучува и грешките на мерната опрема.

Член 58

Испитниот притисок може да се движи во границите определени во табелата бр. 3.

x) Вобеовиот број во табелата се однесува на долната топлотна моќ на горивото

Табела бр. 3

Вид на гас	Номинален притисок mbar	Најмал притисок mbar	Најголем притисок mbar
III група	28	20	35
	30	25	35
	50	42,5	57,5

Член 59

Проверка на стабилноста на гасната печка се врши така што во неа се вградува празно шише со маса од 13 kg и се дејствува во која и да е точка на највисокиот дел на гасната печка со сила од 30 N, при што моментот да се преземат соодветни мерки да не дојде до лизгање или тркалање на гасната печка. Таа сила не смее да предизвика превртување на гасната печка.

Ако во гасната печка се употребува шише со поголема или помала маса, стабилноста се определува согласно со критериумите од став 1 на овој член.

Член 60

Отпорноста на споевите на разводот на гасот при одвртувањето се проверува со моментен клуч, при што моментот од 15 Nm не смее да предизвикува почетокот на одвртувањето.

Член 61

Трајноста на формата на материјалите за затнување се проверува така што извадоците на тој материјал ќе се измерат на аналитичка вага, а потоа се потопуваат во течен пентан и се држат потопени 24 часа. Извадокот се мери веднаш по вадењето од пентан, а потоа се остава на воздух 24 часа и повторно се мери. Промената на првобитната маса мора да биде во границите пропишани во член 26 на овој правилник.

Член 62

Пропусноста на материјалот за затинање се проверува така што од плочата на испитниот материјал ќе се исече прстен со пречник од 8/19 mm, се става во уред за испитување (цртеж бр. 4) и во него се компримира до 20% од својата дебелина. Пред компримирањето, во уредот за испитување се налева приближно 0,5 g текушт пентан. Уредот се мери и се остава 24 часа во вертикална положба на воздух при температура од 20 ± 1°C. Потоа уредот повторно се мери и се утврдува пропуштањето на пентан, во g/h, на три децимални места.

Член 63

Пропусноста на материјалот за затинање по вештачкото стареење се проверува така што од уредот со испитниот прстен (цртеж бр. 4) се испушта низ долната затка преостанатиот пентан и испитниот прстен се остава седум дена во уредот со константна температура од 110 ± 1°C. Потоа се повторува испитувањето на пропустливоста според член 62 на овој правилник.

Член 64

Тврдоста на испитниот прстен за затинање се мери во степени на Шоре А, и тоа на извадокот на материјалот пред и по вештачкото стареење, односно држење на извадокот седум дена на температура од 110 ± 1°C.

Член 65

За испитување на потрошувачката на инјекторот се употребува испитниот гас според член 57 став 1 на овој правилник.

Испитувањето се врши во согласност со барањата предвидени во член 58 на овој правилник. Во гасната печка се доведува гас, така што секој инјектор доведува соодветна количина на гас. Потрошувачка на гас се мери при притисок кој е во согласност со барањата предвидени во чл. 53 и 58 на овој правилник.

Член 66

Мерењето на температурата на арматурите и на деловите за ракување се врши со испитен гас при номиналната сила.

Температурите се мерат со помош на контактни термоелементи или со термопарови.

Член 67

Мерењето на температурата на подот на просторијата под гасната печка се врши на следниот начин:

1) подот под гасната печка се заменува со штици од 30 mm дебелина, кои на страната на апаратот се облагаат со азбестна плоча со дебелина од 5 mm, а низ таква подлога се провлекуваат термопарови со топол спој на горната површина на азбестната плоча по еден на dm^2.

2) гасната печка се пушта да работи при номиналната сила со испитниот гас се до воспоставувањето на стационарна состојба кога се врши отчитување.

Член 68

Мерењето на температурата на ѕидовите на гасната печка се врши при истите услови на функционирањето на печката како при испитувањето пропишано во член 67 на овој правилник со помош на контактни термометри.

Член 69

Мерењето на температурата и на притисокот во шишето се врши со шише наполнето со испитен гас до најмалку 4/5, при номиналната сила и номиналниот притисок. Ако гасната печка има термостат, тој се исклучува.

Температурата на приклучокот за довод на гас се мери со термопар што се става помеѓу приклучокот и приклучната цевка.

Температурата на приклучокот за довод на гас се мери при воспоставена термичка рамнотежа.

Покачувањето на притисокот во шишето се мери со мерач на притисокот со U цевка со контрола на притисокот на гасот во шишето со помош на манометар.

Член 70

Испитувањата на квалитетот на согорувањето на гасовите се засноваат врз утврдувањето на концентрацијата на CO (јагленмоноксид) во сите продукти на согорувањето при теориска потрошувачка на воздухот за согорување ($\lambda = 1$).

Концентрацијата на CO во продуктите на согорувањето се пресметува според формулата:

$$CO\ (\lambda = 1) = CO\ \text{измерени} \cdot \frac{CO_2\ max}{CO_2\ \text{измерени}}\ \%\ vol, \text{ или}$$

$$CO\ (\lambda = 1) = CO\ \text{измерени} \cdot \frac{21}{21 - O_2\ \text{измерени}}$$

CO_2 makx за бутан (G-30) = 14% vol.
CO_2 makx за пропан (G-31) = 13,7% vol.

Член 71

Испитувањето на согорувањето во затната испитна комора се врши дури по осум часови работа на печката во слободна просторија со испитен гас под номинален притисок и со номинална сила. Во затнатата испитна комора се поставува мал вентилатор на местото на кое не може да се попречува работата на печката при испитувањето со цел за обезбедување рамномерноста на атмосферата.

При испитувањето на содржината на јагленмоноксид (CO) уредот за контрола на квалитетот на воздухот се исклучува. Испитувањето се врши со испитниот гас при номиналниот притисок и номиналната сила. По воспоставувањето на тој режим на работа гасната печка се внесува во затната комора. Со помош на инструменти се мери CO и CO_2 до вредноста CO_2 = 2,4% vol.

При испитувањето температурата во комората мора да биде во границите од 20 до 35°C.

Испитувањето се повторува за сите положби на уредот за дотерување на силата, ако тие постојат.

Член 72

Испитувањето на степенот на несогорувањето во периодот на работата на гасната печка се врши на следниот начин: гасната печка се запалува со положба на арматурата за дотерување на номиналната сила во вентилирана просторија и се пушта да се стабилизира дотекот на гасот во гасната печка, а со тоа и палењето. Триесет минути потоа печката се внесува во затната испитна комора. Таму се остава да работи додека содржината на CO_2 не ја достигне вредноста од 1% vol, а потоа се мери содржината на несогорените јагленоводороди во комората. Испитувањето се повторува за сите положби на уредот за дотерување на силата, ако тие постојат.

Испитувањето на степенот на несогорувањето во периодот на палењето се врши на следниот начин: печката се запалува со положба на арматурата за дотерување на номиналната сила во затнатата испитна комора. Од моментот на достигањето на ефективниот протек на испитниот гас во гасната печка, во тек на 15 минути се зема гасна проба, по што се мери содржината на несогорените јагленоводороди во комората.

Член 73

Испитувањето на сигурносните уреди се врши на следниот начин: по вклучувањето на уредот за контрола на квалитетот на воздухот печката се пали во затиначка испитна комора, а вратата веднаш се затвора. За време на работата на гасната печка додека уредот за контрола на квалитетот на воздухот не ја угасне печката, се мери содржината на CO и CO_2. Извадокот за мерење на концентрацијата на CO_2 се зема на височината на уредот за контрола на квалитетот на воздухот.

Концентрацијата во моментот на исклучувањето на уредот е мерена концентрација на CO_2 во моментот на гаснењето на гасната печка. При испитувањето температурата во комората мора да биде во границите од 20 до 35°C.

При тоа испитување се проверуваат и:

1) правилното дејствување на уредите за стартување;

2) правилното дејствување на уредите за прекин.

Работата на гасната печка во вентилирана просторија се проверува и со испитување на отпорноста против промаја.

Испитувањето се врши со положба на арматурата за дотерување на силата на најмала сила, а со номинален притисок на испитниот гас. Испитувањето почнува по постигањето на стационирана состојба, при брзина на воздухот од 2 m/s.

Гасната печка се изложува на последователни налети на воздух пет пати по 15 секунди со растојанија по 15 секунди.

Оската на правецот на движењето на воздухот мора да биде хоризонтална.

Испитувањето се повторува за различни правци на движење на воздухот (челно, бочно и помеѓу тие два правци од секоја страна).

Член 74

Задоцнувањето на сигуносните уреди при гасењето се испитува кога приклучниот вод од шишето до гасната печка е поврзан со мерачот на притисокот, а гасната печка работи со испитен гас под номинален притисок. Кога ќе се постигне работна температура се гаси пламенот на пламеникот за палење и одржување (или се спречува загревањето на давачот) без интервенција на арматурата.

Задоцнувањето при палењето се мери согласно со начинот пропишан во став 1 на овој член.

Посматрањето на нивото на столбот на течноста во мерачот на притисокот овозможува да се види точен момент на прекинување на доводот на гасот со уредот за контрола на квалитетот на воздухот.

Времето на задоцнувањето се мери со помош на хронометар.

Член 75

Палењето при ниски температури се испитува во ладна комора и тоа дури кога гасната печка и шишето со испитниот гас дошле во состојба на рамнотежа со околината во комората. Потоа се проба пуштањето на гасната печка во работа како при нормални услови.

Член 76

Испитувањето на електричното палење на гасната печка, ако палењето се врши со електричен уред, се врши според одредбите на прописите на југословенскиот стандард за електрични апарати за домаќинство JUS N.M1.001.

Член 77

За испитување на издржливоста на горилникот против топењето, се запалува гасот на излезот на инјекторот и се пушта да гори 20 минути.

По завршеното испитување, на горилникот не смеат да бидат никакви траги на оштетување или деформација.

Член 78

Испитувањата на трајноста на гасната печка се врши на следниот начин:

1) гасната печка се напојува со испитен гас кој содржи 90% од незаситени гасови G-32 и се изложува на проба од 15 циклуси од кои секој ја опфаќа работата на гасната печка со номинален протек на гасот за време од осум часови и со прекин од 16 часови;

2) гасната печка се пушта со номиналниот проток да работи 300 часови. По пробата на издржливоста гасната печка се пушта во вентилирана просторија да работи осум часови со испитниот гас при номиналниот притисок и номиналната сила.

3) по завршеното испитување ниеден дел од гасната печка не смее да има траги на оштетување, ниту знаци на корозија на метални делови.

Член 79

Номиналната топлотна на сила се пресметува според формулата:

$$ø = q_m \cdot H_{dm}$$

или

$$ø = q_v \cdot H_{dv}$$

каде што е:

ø — номинална топлина на силата на гасната печка, во kW,

q_m, q_v — номинална потрошувачка на гасот, во kg/h или m³/h,

H_{dm} — долна топлотна моќ на испитниот гас, во MJ/kg или MJ/m³.

Ако притисокот и температурата на мерниот гас не одговара на номиналните услови, номиналниот протек се добива со пресметување (земајќи го предвид сувиот гас) според формулата:

$$qV = \frac{273 \cdot V\,(p_a + p_p - p_{par})}{101{,}325\,(273 - t_p)}$$

Мерениот протек на гасот се коригира според формулата:

$$q_m = m\sqrt{\frac{101{,}325 + p_p}{p_a + p_p} \cdot \frac{273 + t_p}{273} \cdot \frac{d_0}{d_v}}$$

каде што е:

V — потрошок на гас мерен со мерач на протекот во m³/h

m — потрошок на гас мерен со вага, во kg/h

p_a — атмосферски притисок, во kPa

p_p — притисок на гасот пред мерачот на протекот во kPa

p_{par} — парцијален притисок на водената пареа при температура на заситеноста, во kPa

t_p — температура на гасот пред мерачот на протекот во °C

d_0 — референтна релативна густина

d_v — вистинска релативна густина =

$$= \frac{\text{специфична густина на гасот}}{\text{специфична густина на сувиот воздух}}$$

Член 80

Гасната печка мора да биде снабдена со таблица која содржи:

1) фирма, односно назив на производителот, и регистриран знак ако производителот го има;

2) тип на гасната печка;

3) вид и номинален притисок на гасот за кој гасната печка е дотерана;

4) потрошувачка на гориво, во g/h при максимална и минимална потрошувачка;

5) номинална сила, во kW;

6) вид на струја и номинален напон (ако има електричен приклучок);

7) фабрички број.

Член 81

На посебна таблица поставена на видно и истакнато место мора да биде на траен начин испишан текстот на следната содржина:

„Продуктите на согорувањето при работата на оваа гасна печка се ослободуваат во просторијата во која печката се наоѓа.

Гасната печка е снабдена со уред кој ја прекинува работата на печката кога е неефикасно проветрувањето на просторијата.

Гасната печка смее да се користи само во согласност со техничкото упатство на производителот, посебно во поглед на сместувањето, проветрувањето и одржувањето."

Член 82

Гасните печки се пакуваат во амбалажа која при нормална манипулација, транспорт и складирање ги обезбедува од оштетување. На амбалажата мораат да биде испишани следните податоци и тоа:

1) фирмата, односно називот и седиштето на производителот;

2) типот на гасната печка;

3) ознаката која предупредува на начинот на транспортот и чувањето.

VIII. Завршна одредба

Член 83

Овој правилник влегува во сила на 1 септември 1980 година.

Бр. 31-8700/1
15 мај 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

712.

Врз основа на член 28 став 2 и член 66 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА СТРУКТУРАТА НА ПЛАСМАНИТЕ НА БАНКИТЕ И НА ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СПОРЕД РОКОВИТЕ НА ВТАСАНОСТА

1. Во Одлуката за структурата на пласманите на банките и на другите финансиски организации според роковите на втасаноста („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76 и 26/77) во точка 1 процентот: „35" се заменува со процентот „40", процентот: „20" со процентот „25", а зборовите: „2 години" се заменуваат со зборовите: „1 година".

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок во периодот од денот на влегувањето во сила на оваа одлука до 31 декември 1980 година ќе се применуваат процентите од став 1 на оваа точка намалени за 5 процентни поени."

2. Во точка 2 зборовите: „2 години" се заменуваат со зборовите: „1 година".

По став 1 на оваа точка се додава нов став 2, кој гласи:

„Под краткорочни извори на средства, во смисла на оваа одлука, се подразбираат сите краткорочни обврски спрема домашните и странските комитенти намалени за девизите што банката ги депонирала кај Народната банка на Југославија според одредбите на член 51 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77) и за издвоената задолжителна резерва."

3. Точка 3 се менува и гласи:

„3. Под банки, во смисла на оваа одлука, се подразбираат основните банки основани во смисла на Законот за основите на кредитниот и банкарскиот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/77)".

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 46
24 јули 1980 година
Белград

Претседател на Советот на
гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

713.

Врз основа на член 32 и член 66 став 1 точка 17 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА БАНКИТЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ДНЕВНАТА ЛИКВИДНОСТ

1. Во Одлуката за кредитирање на банките за одржување на дневната ликвидност („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/78, 20/79, 32/79, 6/80 и 27/80) во точка 2 став 1 во одредбата под 7 зборовите: „до 30 јуни 1980 година" се заменуваат со зборовите: „до 30 септември 1980 година".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 47
24 јули 1980 година
Белград

Претседател на Советот на
гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

714.

Врз основа на член 17 и член 66 став 1 точка 14 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76) и точка 7 на Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/80), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за задолжителната резерва на банките кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/77, 48/78, 14/79, 29/79, 36/79, 48/79, 55/79, 59/79, 66/79, 8/80, 12/80, 18/80, 38/80 и 40/80) во точка 2 став 1 во одредбата под 1 зборовите: „според стапка од 19%" се заменуваат со зборовите: „според стапка од 18,5%".

Во став 3 точка 2 зборовите: „стапка од 16%" се заменуваат со зборовите: „стапка од 15,5%".

2. Намалувањето на стапката за 0,5% процентни поени на средствата од точка 2 став 1 на одредбата под 1 се врши заради поддршка на банките за спроведување на Самоуправната спогодба на банките за

здружување на средства кај Југословенската банка за меѓународна економска соработка, за кредитирање на извозот на опрема и бродови и за изведување на инвестициони работи во странство на кредит во 1980 година, во смисла на точка 7 од Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година.

3. Банките ќе извршат корекција на пресметките на задолжителната резерва според состојбата на средствата на 30 јуни 1980 година и разликата добиена со примена на стапката од точка 1 на оваа одлука, ќе ја пренесат на сојата жиро-сметка.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 48
24 јули 1980 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

715.

Врз основа на чл. 16, 19 до 25 и член 66 став 1 на точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), во согласност со одредбите на Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/80), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРКИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНЕТАРНО-КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1980 ГОДИНА

1. Во Одлуката за мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика во 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/80 и 34/80) во точка 12 став 1 процентот: „40%" се заменува со процентот: „50%".

Став 2 се брише.

Досегашниот став 3 станува став 2.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 49
24 јули 1980 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

ОДЛИКУВАЊА

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од сојузните органи и организации

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Мићић Ђорђа Здравко, Мишковић Мате Мате, Раичевић Неше Василије, Живојиновић Саве Петер;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бендерач Јакше Обрад, Богавец Сокуле Душан, Гигић Александра Ђорђе, Головић Ђуре Бранко, Грк Гојка Перо, Лековић Светозара Здравко, Рајковић-Јовановић Михаила Душанка;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Алтман-Лопандић Јованка, Петровић Светислава Зорка, Стефанчић Милутина Љиљана;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЗВЕЗДА

Атлагић Милоша Давид, Кнежевић Николе Душан, Кораћ-Деспотовић Васе Вера, Ковачевић Љубомира Миодраг, Куѓерски Николе Глигор, Петровски Тодора Предраг, Ракочевић Петра Перо, Вељковић Миодрага Драгослав;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Андрић-Којић Бранислава Даринка, Аранђеловић Божидара Миодраг, Авврамовић Марка Милица, Баурина-Крстуловић Марина Златка, Бјеличић-Панић Љиљана, Бркић-Љубишић Милорада Јованка, Гечевска-Димитровска Ивана Кирка, Јоцић Живорада Мирослав, Јовановић Бранислава Милан,

Мачкић-Облешчак Јожефа Вера, Милетић-Анђелковић Предрага Радмила, Миливојевић-Хорошавин Бориса Татјана, Милошевић-Радић Миладина Живодарка, Миловановић Јована Живорад, Наковски-Косуров Бошка Нада, Огњановић Боривоја Милан, Петровић-Бозовачјр Павла Ана, Петровић-Степанов Василија Роксанда, Петровић-Јовић Адама Вера, Стојановић Николе Миленко, Стојковић Милана Макрена;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Ђокић Војина Драгослав, Ђукић Раде Босиљка, Видојевић Михајла Гојко;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Бабић-Невјестић Ивана Марија, Бјелић Саве Милан, Чехић Анте Иван, Дејановић Станка Симеон, Ђурашковић Павлија, Ђурђевић-Опачић Обрада Љубица, Голубовић-Миловановић Новака Радмила, Јанковић-Рабата Ђуре Олга, Ковачевић Гаје Живка, Миладиновић-Лах Мартина Кристина, Милутиновић Ђорђа Зорка, Наранчић-Новаковић Јакше Радмила, Николић Илије Будимир, Нинковић-Божић Томислава Даница, Павлица-Бубало Јова Марија, Петровић Михаила Надежда, Рајшић Николе Милева, Тимотијевић Алексе Момчило;

Од САП Косово

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Богавац Милосава Олга, Аанковић Душана Новак, Петковић Боривоја Градимир, Ристић Бошка Добривоје;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Шћепановић Абудли Соња, Жижић Велисава Слободан;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Гарић Крсте Бранислав, Ракочевић Јакше Алекса, Видаковић Радосава Вукман, Златановић Станка Радослав.

Бр. 159
18 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

У К А З

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Босна и Херцеговина

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Микић Цвијетина Алекса;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Крекић Теодора Недељко, Штрбац Раде Петар;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Калаба Остоје Радивоје, Новаковић Николе Стево, Сладаковић Симе Милош;

Од СР Црна Гора

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Филиповић Илије Душан;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Станишић Душана Саво;

Од СР Хрватска

— по повод на шестгодишнината на постоењето а за особени заслуги и успеси во омасовувањето на кајакарскиот спорт и за придонес кон општиот развој на спортот и физичката култура

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Кајкашки савез Хрватске — Загреб;

— по повод на триесетгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и успеси во стручното образование на кадри за потребите на стопанството и за придонес кон ширењето на просветата и културата

Центар одгоја и усмереног образовања за електронику, прецизну механику и оптику „Руђер Бошковић", Загреб;

— по повод на триесет и петгодишнината на постоењето, а за особени заслуги на полето на информативната дејност и за придонес во социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Радио-телевизиски центар Дубровник;

— по повод на четириесетгодишнината на постоењето, а за заслуги во развивањето и омасовувањето на куглачкиот спорт и за постигнати успеси на меѓународни и домашни натпреварувања

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЗВЕЗДА

Куглачки спортски кулуб „Грмошчица", Загреб;

По повод на триесетгодишнината на постоењето, а за заслуги и успеси постигнати во развивањето на културно-уметничкиот живот во својот крај

Радничко културно умјетничко друштво „Кристал", Жупања;

— по повод на шеесет и петгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на земјата, како и за придонес на развивањето на социјалистичкото самоуправно општество

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Ахметовиќ Даута Лутво;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЗВЕЗДА

Дрезга Душана Бранко, Милановиќ Стеве Ђуро;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Кавај-Пихлер Јосипа Грета;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Алекса Томе Иво, Цуровиќ Анте Стеван, Кушец Милана Божидар;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Кларић Павла Ђуро, Кнежевиќ Драгутина Миле, Медиќ Николе Ђуро, Пенђер Шпире Иво Петров Данијела Алфонс, Радаковиќ Алексе Милан, Шкевин Фраче Марко, Тикулин Анте Антун, Виловиќ-Микуличиќ Андреја Јелка;

Од СР Македонија

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Ончевски Коце Благој, Славески Рампо Радослав;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Мисајловски Коста Васко;

Од СР Словенија

— во повод на дваесет и петгодишнината на постоењето, а за особени заслуги на унапредувањето на метеорологијата и за значаен придонес на усовршувањето на стручни кадри

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Друштво метеоролога Словеније, Љубљана;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Крмељ Блаж Макс-Матија, Симчиќ Алојз Марјан, Златнар Петар Мирко,

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЗВЕЗДА

Дружина Габријел Андреана, Стробл-Бизиљ Јанко др Мајда;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Јужнич Рудолфа др Марјан, Ловшин Франца Евген;

— за особеди заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Кобе-Грошељ Алојз др Валентина, Вречек Алојз Нада;

Од СР Србија

— по повод на педесетгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Радна организација Завод за израду новчаница и кованог новца у саставу Народне банке Југославије, Београд;

— по повод на дваесет и петгодишнината на постоењето, а за особени заслуги во создавањето и омасовувањето на основните организации на финансиските сметководствените работници и за успеси во стручното оспососување на членството

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Савез рачуноводствених и финансијских радника СР Србије, Београд;

— за долгогодишна револуционерна работа и особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на земјата, како и за придонес на развивањето на социјалистичкото самоуправно општество

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Димитријевић Драгутина Живан, Недељковић Петра Радисав, Радовановић Машана Милија;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Блажуша Миле Илија, Бошковић Добросова Момир, Братић Томе Душан, Герић Јована др Радомир, Манић-Јагодић Јована Марија, Марковић Матеје Немања, Радовић Радула Радивоје, Васиљевић Борисава Првослав, Николић Спасе Драгомир;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЗВЕЗДА

Бабић Обрада Милорад, Богуновић Ивана Матија, Бошковић Милутина Радомир, Ђурић Драгана Перо, Хасанагић Омера Хилмија, Јосифовић Драгутина др Младен, Манасијевић Љубомира Јован, Марковић Ива Лука, Мирков-Степановић Милоша Ранко, Пандуровић Божидара Мирко, Рашета Симе Јово, Станимировић Александра Љубица, Веловић Јована Петар, Влашкалић Милана др Тихомир, Вукић Тодора Станојко;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Афрић Ивана Вјекослав, Бакочевић Радована Александар, Ивковић Вучко, Кулић Вучко, Кулић Јова Урош, Мирковић Мирка Бранко, Мирковић Милосава Сава, Стамболић Миодрага Иван, Врељански Милана Ранко, Вуцелић Николе Воја;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Богески Ђоша Лазо, Цвијовић Драга Сретен, Голубовић Милосава Јован, Хрњак Спаса Велимир, Јовановић Љубодрага Мирослав, Каран Павла Миле, Касић Ђура Ђорђе, Корач Мијка Миладин, Ковачевић Илије Живорад, Мартиновић Пера Мишо, Матуновић Крста Ново, Милановић Миле Гојко, Мишчевић Стеве Никола, Новаковић Сретена Драгослав, Обрадовић Јована др Миливоје, Перовић Жука Марко, Радојловић Видана Жика, Станојевић Светозара Костадин, Шундрић Чедомира Витомир, Виденовић Сретена Александар, Зечевић Милоја Милан, Жугић Јакова Стојан;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Благојевић Милоша Радомир, Цветковић Милана Драгослав, Цветковић Косте Милутин, Ђорђевић Спасоја Владимир, Илић Косте др Будимир, Јарамаз Илије Стојан, Лозановић Јеленка Витомир;

Марковић-Димитријевић Ивана Вера, Митровић Јосифа Јованка, Ојданић Андрије Павић, Павловић Стојана Градимир, Пићурић Петка Саво, Сребрић Вукомира Борисав, Стаменковић Димитрија Љубисав, Станојевић Петра Новак, Стефановић Ваљка Никола, Шперо Томе Филомена, Шутић Добросава др Драгољуб, Трајковић Димитрија Јован, Васиљевић Радована Михаило, Затезало Милоша Симеон;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Стојановић Светозара Костадин;

Од САП Косово

— по повод шеесетгодишнината на животот, а за долгогодишна револуционерна работа и исклучителни заслуги во народноослободителната борба, како и за значаен придонес во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ

Хамза Хамзе Џевдет;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЗВЕЗДА

Дрмончеќ Стојана Боро, Медеризи Изета Салко, Ристић Живка Душан;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Аземи Халита Азем, Димић Апостола Данило, Доброши Рамадана Дрита, Муља Шабана Али, Ругова-Нимани Шукри Сафета;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Цукић Ђорђа Предраг, Фолић Јова Милутин, Марјановић Риста Василије, Зивгаревић Стевана Боривоје;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бектеши Ахмета Менсур;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Ахмети Исмајла Ризах;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Аслан Какипа Скендер, Балеци Ахмета Муса, Јакшић Блажа Петар, Вутхи Сали Бајрам;

— за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Хајрулаху Даута Рецеп, Затрићи Сахита Агим;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЗВЕЗДА

Мустафа Бећира Назми;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Богићевић Милована Јован;

Од САП Војводина

— по повод на осумдесет и петгодишнината на постоењето а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Индустрија меса и конзерви „29 новембар" у саставу СОУР АГРОС — Суботица;

по повод на четириесетгодишнината на постоењето, а за особени заслуги во развивањето на физичката култура и спортот, како и за значаен придонес кон ширењето на братството и единството

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Спортско друштво „Препород", Нови Жедник;

— по повод на шеесетгодишнината на животот, а за долгогодишната револуционерна работа и особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на земјата, како и за придонес на развојот на социјалистичкото самоуправно општество

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Ковачевић Гаврила Срета;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бабић Благоја Стојан, Косановић Дмитра Никола, Маровић Дане Петар, Орлић Петра Дане.

Бр. 161
22 декември 1979 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Македонија

— по повод на шеесетгодишнината на животот, а за долгогодишна револуционерна работа и особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на земјата, како и за придонес во развивањето на социјалистичкото самоуправно општество

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Биљановски Трендафил Златко;

— по повод на шеесетгодишнината на животот, а за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Јаневски Димчо Славко.

Бр. 2
8 јануари 1980 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

700. Одлука за утврдување на вкупниот износ на девизите за потребите на федерацијата за 1980 година — — — — — — — 1429
701. Одлука за именување секретар на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок — — — — — — — — — 1429
702. Одлука за разрешување секретар на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок — — — — — — — — — 1430
703. Одлука за определување на максимални цени за производите на црната металургија — — — — — — — — — — 1430
704. Одлука за дополнение на Одлуката за трошоците на работењето што организациите на здружен труд за давање услуги во меѓународниот стоковен и патнички промет можат да ги плаќаат во странство 1430
705. Правилник за начинот на определувањето на единствен матичен број на странците — 1431
706. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Kärntner Nachrichten“ — — — — — — — — — 1432
707. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Kärntner Nachrichten“ — — — — — — — — — 1432
708. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Neue Kronen Zeitung“ — — — — — — — — — 1432
709. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на списанието „Der Spiegel“ — 1432
710. Правилник за хомологацијата на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов — — — — — — — 1433
711. Правилник за техничките нормативи за подвижни гасни печки за греење без приклучок на оџак — — — — — — — 1435
712. Одлука за измени и дополненија на Одлуката за структурата на пласманите на банките и на другите финансиски организации според роковите на втасаноста — 1446
713. Одлука за измена на Одлуката за кредитирање на банките за одржување на дневната ликвидност — — — — — 1446
714. Одлука за измени на Одлуката за задолжителна резерва на банките кај Народната банка на Југославија — — — — 1446
715. Одлука за измени на Одлуката за мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика во 1980 година — — — 1447

Одликувања — — — — — — — — — — 1447

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовић, Улица Јована Ристића бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17.